**Известување за концентрација со која ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски фонд к.д , Словенија ќе стекне контрола над „ЦООКИНОКС Производство и Продажба на угостителска опрема Д.О.О, Словенија (предмет бр. 08-96/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски фонд к.д со седиште на ул. Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија,има намера да стекне директна контрола над ЦООКИНОКС Производство и Продажба на угостителска опрема Д.О.О со седиште на ул.Стантетова улица бр.27, 1295 Иванчна Горица, Република Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски фонд к.д,** делува на пазарот на алтернативни приватни инвестициски фондови.

ПРВА ЦАП Д.О.О Специјален Инвестициски Фонд к.д е управувано и застапувано од страна на ПРВА ЦАП управување со инвестиции Д.О.О – претпријатие кое врши управување со алтернативни инвестициски фондови. Над ПРВА ЦАП Д.О.О управување со инвестиции д.о.о, директна контрола остварува ПРВА ФИНАНЦЕ Д.О.О, на кој начин наведените претпријатија претставуваат составен дел на ПРВА ЦАП Групацијата.

Во рамки на ПРВА ЦАП Групацијата, ПРВА ФИНАНЦЕ Д.О.О, има поврзани претпријатија во Северна Македонија и тоа:

- КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови А.Д Скопје, со седиште на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6, Скопје, Центар, со претежна дејност на 66.3000 – Дејности на управување со фондови.
- Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6, Скопје, Центар, со претежна дејност 65.110 – Осигурување на живот.

**ЦООКИНОКС Производство и Продажба на угостителска опрема Д.О.О** делува на пазарот на производство на комплетна INOX опрема за кујна и барови, угостителска опрема, Дизајн; Метални производи и опрема. Истото нема поврзани друштва во Р.С.Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

09.06.2025 година
Скопје